РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител, правно лице, на 46-а седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријавата за корупција бр. 12- 3491 од 10.07.2019 година на Здружението ------------------------------------------ од -------------- - СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-3491 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3491 од 10.07.2019 година.

Предметот со број 12-3491 од 2019 година да се затвари и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-3491 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12- 3491 од 10.07.2019 година доставена од Здружението ---------------------------------------- од --------------- против Здружението ----------------------------- од -------------------, а во која се укажува на злоупотреби и ненаменско користење на финансиски средства, одобрени и доделени како грантови и/или финансиска подршка на ова Здружение од страна на Министерството -------------------------- во периодот ------------------ година.

Наводите на пријавата укажуваат на противправно постапување со финансиските средства на државата, за што се споменува "подмитување" на една од --------------------, учество во купување на деловен простор и директна инволвираност, на разни начини, во кршење на Законот за ---------------- и други позитивни законски прописи.

При постапувањето на предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за достава на податоци и информации од Министерството -------------- на Република Северна Македонија.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од Министерството --------- преку Министерот кој раководи со ова министерство.

Со писменото известување, надлежното министерство ја извести Државната комисија дека постапило по наводите од предметната пријава, на начин што на ден 21.10.2020 година од страна на инспекторот --------------- при Секторот за ------------------ во Министерството бил/е извршен вонреден инспекциски надзор во Здружението ------------------- од ------------- од аспект на наменското користење на средствата обезбедени од Буџетот на РСМ преку Министерството за ------------- согласно со договорите за учество во финансирање на проекти ---------------------- во -------------------, конкретно за проектот "--------------------------------" во рамки на ------------------ "-------------------------" за кој биле одобрени 100.000,00 денари и за проектот "-----------------------" од програмата за ------------- година за кои биле одобрени и преведени 160.000,00 денари.

За потврда на доставените информации Министерството ----------, до Државната комисија го достави Записникот за извршениот инспекциски надзор – --------- бр. -------------- година врз основа на кој се констатира дека посоченото Здружение ги реализирало наведените проекти, дека доставило наративни и финансиски извештаи, како и дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на здружението од аспект на примена на Законот -----------------.

Според сите околности на предметниот пријавен случај и според прибавените информации и податоци од надлежниот орган на управата – Министерството -------------------------------- на Република Северна Македонија Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите од пријавата не се потврдуваат. Од тие причини Државната комисија констатира дека нема елементи за свое натамошно надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. ______/_____**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Г.Т., Член на ДКСК
Доставено до :
- Архива
- Подносителот